ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-229/4**

**Дата: 26.01.2011**

**ДО**

**СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**„РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ КОРЧАГИН“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на Град Скопје, Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин“ - Скопје (во понатамошниот текст СУГС „Р.Ј.Корчагин“) на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние изразивме негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на буџет од самофинансирачки активности, и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Во рамки на утврдените неправилности, како позначајни ги истакнуваме: неоснованото остварување приходи и необезбедената транспарентност при издавање на училиштен простор под закуп, неизвршено фактурирање на побарувањата по истиот основ и необезбедена евиденција на набавените материјали и ситен инвентар.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорното лице на училиштето треба да обезбеди сметководствено евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар, издавањето на училишниот простор под закуп да се реализира во постапка утврдена со закон, и да обезбеди навремено фактурирање на побарувањата.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на СУГС „Р.Ј.Корчагин“ - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на СУГС „Р.Ј.Корчагин“ - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Драган Арсовски, директор од 02.02.2005 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на СУГС „Р.Ј.Корчагин“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.11.2010 до 31.11.2010 кај СУГС „Р.Ј.Корчагин“ - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 30.11.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09 – 159/6 од 09.12.2010 година.

### 3.1 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1 Ревизијата не се увери во целосноста на побарувањата од купувачите на ден 31.12.2009 година од причини што фактурирањето за издавање на спортската сала под закуп не се врши навремено секој месец, согласно Договорот за закуп, при што утврдени се неевидентирани и ненаплатени побарувања од 380 иљади денари. Ненавременото фактурирање на побарувањата од издавање на училиштен простор и нивното неевидентирање е спротивно на член 12 и 19 од Законот и член 13 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на побарувањата, немање увид во очекуваните приходи и одложено плаќање на обврските на закупците.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе активности за навремено издавање на месечни фактури по основ на побарувањата од закуп согласно склучените договори.

3.1.2 Преку сметката за самофинансирачки активности извршени се набавки на материјали за административно работење, хигиенски материјали, ситен инвентар и други материјали за одржување на училиштето во износ од 141 илјада денари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на соодветните сметки за залихи согласно член 6 од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба упатува на необезбедена материјална одговорност на залихите, увид во движењето (влез излез) на истите, како и нивно нереално и необјективно прикажување во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

**Биланс на приходи и расходи**

**Приходи**

3.1.3 СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“ во 2009 година остварило приходи од закупнина на две сали и придружните простории на фискултурната сала во износ од 317 илјади денари за кои ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- Давањето на недвижни ствари под закуп е извршено по претходно доставено барање од заинтересираните субјекти, наместо со транспарентна постапка, што упатува на ограничување на конкуренцијата и нееднаков третман на понудувачите.
- Правото на сопственост на објектот на училиштето според имотниот лист издаден од Агенцијата за катастар на недвижности во 2000 година е на РМ. До датумот на ревизијата, Градот Скопје како основач на училиштето не се стекнал со право на сопственост на објектот на истата, што е обврска предвидена со Одлуката за пренесување на основачките права и обврски од 2005 година. Имајќи предвид дека не настанала промена на сопственоста од централно на локално ниво, СУГС не постапило согласно член 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и неосновано се стекнало со средства од закупнина кои треба да се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**
Училиштето има право да дава на користење недвижни ствари исклучиво во постапка со јавно наддавање, со согласност од Градот Скопје, но откако истиот ќе обезбеди право на сопственост врз училишниот објект.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точките 3.1.1. и 3.1.2 од овој извештај, кои се однесуваат на неискажани побарувања по основ на закуп на училиштен простор чија вредност изнесува 90% во однос вкупната искажана актива од Билансот на состојба, како и необезбеденото евидентирање на материјалите и ситниот инвентар на залиха, ревизијата изрази негативно мислење за финансиските извештаи на СУГС „Р.Ј.Корчагин“ - Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности, на 31 декември 2009 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1. и 3.1.2, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на СУГС „Р.Ј.Корчагин“ – Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечките законски прописи.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на СУГС „Р.Ј.Корчагин“ – Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 17.01.2011 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1.________________ ________________________

2.________________

3. ________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1.063 | 3.919 |
| Трансфери и донации | 30 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **1.093** | **3.919** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.017 | 3.773 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.017** | **3.773** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 29 | 67 |
| **Вкупно капитални расходи** | **29** | **67** |
| **Вкупно расходи** | **1.046** | **3.840** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | 2009 | 2008 |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 58 | 80 |
| Активни временски разграничувања | 0 | 97 |
| **Вкупно тековни средства** | **58** | **177** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 365 | 825 |
| **Вкупно постојани средства** | **365** | **825** |
| **Вкупна актива** | **423** | **1.002** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 0 | 97 |
| Други краткорочни обврски | 12 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 8 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 38 | 80 |
| **Вкупно тековни обврски** | **58** | **177** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 365 | 825 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **365** | **825** |
| **Вкупна пасива** | **423** | **1.002** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **825** | - | **825** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **460** | - | **460** |
| Амортизација | 460 | | **460** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **365** | - | **365** |